Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-467/3
31-10-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-467 од 18.8.2023 година, поднесена од [redacted], со седиште на [redacted] во Скопје, против [redacted] Скопје" со седиште на [redacted] во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 27.10.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми сторено од страна на [redacted] Скопје врз ЛГБТИ+ заедницата.

## Образложение

На 18.8.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против [redacted], за сторена дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми врз ЛГБТИ+ заедницата.

Во претставката се наведува дека на 27.6.2023 година, на интернет порталот [redacted] на дебатната емисија [redacted], односно на Facebook страницата на [redacted] ширеле вознемирувачки пишан материјал кој промовира говор на омраза и дискриминација. Поточно, тие велат дека спорната емисија емитувана на 27 јуни се карактеризирала со мешање на факти и мислење, вест и коментар, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Во овој контекст, подносителите велат дека водителите можеле да му посочат на гостинот за сето ова, но тоа не се случило.

Во емисијата, отец [redacted] го изнел следното: „Помине ли овој Закон за родова еднаквост следно е истополови бракови, посвојување деца па легализација на педофилија! Предлог-законот за родова еднаквост овозможува човекот не само да може да биде биолошки маж, а да се претставува и декларира како жена, туку дозволува луѓето да се декларираат како рози или мачки. Во нивната идеологија пишува дека се прифатливи сите сексуални стилови, вклучувајќи ја и педофилијата. Помина времето на силата со мечот, доаѓа време кога е битна силата на информацијата и вистинскиот аргумент и по мене тука ќе се водат сериозните судири, ако тука се изгуби битката започнува она што се случува со Украина, а тоа е страшно".

Подносителите истакнуваат дека со ваквиот говор, особено исказите како што се „легализација на педофилија" и „вклучувајќи ја педофилијата", се изнесуваат навреди и лаги на сметка на ЛГБТ

заедницата и се шири говор на омраза кон оваа заедница. Дотолку повеќе, наведуваат се згрозени од фактот што во еден популарен поткаст како [redacted], се дозволува педофилијата да се претставува како сродно тело на ЛГБТИ+ заедницата. [redacted], дополнително, смета дека со изнесените ставови за ЛГБТИ+ заедницата, кај останатите граѓани во земјата се предизвикува чувство на омраза, вознемирување, дискриминација и насилство.

Подносителите дополнително наведуваат дека се обратиле и до Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), при што на седница одржана на 25.7.2023 година, а врз основа на жалбата од [redacted], мнозинството членови на Комисијата сметале дека медиумот го прекршил член 10 од Кодексот на новинарите на Македонија, со фактот што на својата веб страница објавил кус извадок од интервјуто, односно изјавата со која се шират лаги и невистини и се стигматизираат припадниците на ЛГБТ заедницата.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 21.8.2023 година испрати Известување бр. 08-467/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted] Скопје. Видно од поштенската испратница, тие биле известени за поштата, но истата не ја побарале, по што Комисијата направи втор обид за достава на 11.9.2023 година. Видно од втората поштенска испратница, Известувањето било примено од страна на [redacted] на 15.9.2023 година, но и покрај уредната достава, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација до моментот на изготвување на ова мислење не е пристигнат никаков одговор.

Следствено на ваквата фактичка состојба, Комисијата при носење на ова мислење ги ценеше единствено наводите изнесени во претставката.

Земајќи ги предвид наводите, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за сторено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација од страна на [redacted] односно утврди дека е исполнета законската дефиниција на повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација содржана во **член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа“*.

Имено, изјавите на отец [redacted] со кои ги претставува припадниците на ЛГБТИ заедницата како потенцијални педофили, а носењето на Законот за родова еднаквост како иден чекор кон легализирање на педофилијата, претставува сериозна дехуманизација и сатанизирање на целата ЛГБТИ заедница. Преку ваквото етикетирање на ЛБТИ лицата, односно нивно поистоветување со педофилија, тој сериозно го повредил нивното достоинство и создал непријателска и застрашувачка средина. Дополнително, алудирајќи понатаму на потенцијална војна против нив („... ако тука се изгуби битката започнува она што се случува во Украина“), тој ги окарактеризирал хомосексуалноста и трансродовоста како нешто штетно за општеството и повикал на нивно исклучување.

Во оваа насока, Инфомакс како регистриран интернет портал имал одговорност да ги модерира изнесените содржини во емисијата па оттука, со фактот што Инфомакс овозможиле платформа за изнесување на ваквите содржини и дополнително истите не ги отстраниле, ниту пак реагирале, тие сториле повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**П Р Е П О Р А К А**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] Скопје да ја отстрани емисијата [redacted] емитувана на 27.6.2023 година, со гостин отец [redacted] со која е извршено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ лицата. Отстранувањето треба да го стори во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] во иднина да превенира споделување содржини кои во себе содржат вознемирувачка содржина врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет или било која дискриминаторска основа согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
31.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]
-